# З А П И С Н И К
## Од Четириесет и втората седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 30.04.2026 година, во 10:00 часот, одржана онлајн

**Онлајн присутни членови на Четириесет и втората седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Миле Грозданоски, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Маја Седрак и Лазо Трпков.***

Четириесет и втората седница на Програмскиот совет започна во 10:00 часот онлајн, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Советот најнапред истакна дека одржувањето на оваа седница е во функција на обезбедување континуитет, транспарентност и навременост во работењето на Програмскиот совет, согласно важечките законски и статутарни одредби.
Во таа насока, разгледувањето и усвојувањето на записниците од претходните седници претставува составен дел од уредното институционално функционирање на Советот, преку што се потврдуваат донесените одлуки, се обезбедува нивна правна валидност и се гарантира јавност и отчетност во работењето.
Оттука, оваа седница има за цел формално заокружување на претходно спроведените постапки и одлуки, во согласност со Статутот и принципите на законитост и транспарентност.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четириесет и втората, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 38-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 40-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:
- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 38-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја отвори првата точка од дневниот ред – разгледување и усвојување на Записникот од 38-та седница на Програмскиот совет на МРТ. Тој рече дека станува збор за записник од седницата одржана на 17.04.2026 година, на која Советот, меѓу другото, го разгледа и усвои записникот од претходната седница, постапуваше

по приговор и расправаше по прашања поврзани со надлежностите на Советот согласно Статутот, како и врз основа на доставена документација од стручните служби.
Со усвојувањето на овој записник формално се потврдува текот на седницата и донесените заклучоци.

Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 40-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот Давор Пашоски премина на втората точка од дневниот ред – разгледување и усвојување на Записникот од 40-та седница на Програмскиот совет на МРТ.
Тој истакна дека овој записник се однесува на седница од особено значење, на која беше спроведена постапката за избор на директор на МРТ, согласно Законот и Статутот. Во рамки на таа седница, постапката беше водена по однапред утврдени правила, со обезбедена транспарентност, објективност и почитување на пропишаните процедури, при што Советот донесе одлука врз основа на спроведено гласање и утврдени резултати.
Со усвојувањето на овој записник се врши формална верификација на текот на постапката и донесената одлука, со што се обезбедува правна сигурност и целосна документација за една од клучните надлежности на Програмскиот совет.

Текстот на предлог записникот од 40-та седница беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Бидејќи се исцрпија сите точки од дневниот ред, Претседателот Давор Пашоски констатираше дека 42-та седница е завршена. Претседателот се заблагодари за онлајн присуството, со што ја затвори четириесет и втората седница на Програмскиот совет на МРТ во 10:30 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-2456/2
30.04.2026г.

_________________________

Давор Пашоски